Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Трговско Радиодифузно друштво
Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ
Бр. 01-11/20
03-12- 20 20 год.
ГОСТИВАР

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр.** 57-90
**Датум:** 20.11.2020 **година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Трговско Радиодифузно друштво „Г-ТВ Телевизија" Дооел, Гостивар |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Универзална инвестициона банка, АД Скопје |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: одговорно лице | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 16.11.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 12.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.11.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор – Објект Нова Македонија, трети кат, канцеларија 323 | | | |
| Главна дејност на објектот- | Дејности на телевизиската програма и емитување | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде се врши надзорот | (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Иницијатива бр. 20-7204/1 од 30.6.2020 година од Секторот за дејности од областа на културата и уметностите, Одделение за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 175.000 денари, од одобрените 250.000 денари, согласно со Договорот бр. 20-5544/1 од 23.4.2019 година, за учество во финасирање на Проектот – Истражување на културните и историски богатства на градовите (намена: работилници, патни трошоци, материјални трошоци, хонорари за учесници, снимање, монатажа, презентација на публикацијата), од национален интерес во културата од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност за 2019 година, како и доставување на финасиски и наративен Извештај до МК.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| одговорно лице | | |

8)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и

предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

9) Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, Записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

Средствата во износ од 175.000 денари, се преведени како аванс на жиро сметката на субјектот, од Буџетот на РСМ преку МК, со Решение бр. 20-5544/ од 14.11.2019 г., за исплата на средства на заменик-министерот за култура, наменети за реализација на Проектот – „Истражување на културните и историски богатства на градовите".

Според доставениот Оперативен и финасиски план за користење на буџетските средства заведен под број 20-12006/1 од 30.10.2019 г., кој што е составен дел од Договорт, истражувањето требало да се одвива во период од 20.5 – 1.7.2019 година, а во описот за тоа како ќе се трошат преведените средства е наведено дека ке биде изработена телевизиска репортажа во која ќе говорат историчари и личности од граѓанското општество и локалната власт, односно ќе се реализираат емисии во траење од 10 минути за културните и туристички вредности за градовите: Битола, Кичево, Струга, Дебар, Тетово, Куманово и Гостивар како и туристичките места Шар Планина и Кањон Матка.

Во однос на начинот на трошењето на средствата, субјектот во Оперативниот и финасиски план, има наведено дека средствата ќе ги троши за исплата на координатори, автор на емисиите, патни трошоци како и трошоци за Продукција и постпродукција, односно снимање на осум (8) емисии, компјутерска анимација и сцена со осветлување и декор.

Според презентираната сметководствена документација при надзорот, утврдено е дека од преведените средства од Буџетот на РСМ преку МК во износ од 175.000 денари, потрошени се 171.500 за следното:

-50.500 денари со вклучен персонален данок на трансакциска сметка за координатори за реализација на Проектот и тоа за: и по два договори за дело од 24.8.2019 година, за коишто е утврдено дека не се

потпишани од страна на горенаведените лица (Банковен извод бр. од 10.12.2019 г.,);

-125.000 денари за продукција и постпродукција по ф-ра бр. 36 од 10.12.2019 г., издадена од " ДООЕЛ од Кичево (Банковен извод бр. од 18.12.2019 г.,);

Според изјавата на одговрното лице, досега се снимени, односно изработени 4 емисии , а за истото како доказ на увид при инспекцискиот надзор е презентирано изработено ЦД. Според презентираниот снимен материјал, изработени се четири емисии за градовите Битола, Кичево, Дебар и Гостивар.

Додека, според изјавата на одговорното лице преостанатите четири емисии ќе бидат изработени дополнително, односно по преведувањето на преостанатиот дел од средствата во износ од 74.500 денари, како обврска на министерството согласно со Договорот.

При тоа, констатирано е дека субјектот на надзорот до МК нема доставено наративен и Финансиски извештај на соодветен Образец за извештај за реализиран проект во областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност, што е обврска од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот.

Имајќи го предвид горенаведеното, констатирана е повреда на членот 68 од ЗК, а што е казниво по член 91-а став (3), поради што инспекторот ќе преземе инспекциска мерка, односно ќе донесе решение со кое на субјектот на надзорот ќе му се нареди во определен рок да ја отстрани утврдената неправилност. Доколку истата не ја отстрани во дадениот рок, ќе му биде изречена глоба за сторен прекршок со издавање на прекршочен платен налог.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на одговорното лице и печат на субјектот на надзо[р]<br>, одговорно лице | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>виш инспектор | |
| Датум: | ___.11.2020 г. | Датум: | 20.11.2020 г. |